Министерство за правда
Биро за судски вештачења
Скопје

# НАОД И МИСЛЕЊЕ

СВ I 32/2015

| | | |
|---|---|---|
| **НАРАЧАТЕЛ НА ВЕШТАЧЕЊЕ:**<br>**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ШТИП** | | |
| Судски број по Наредба:<br>Ко бр.255/13 | Судски број по Решение: | По барање на правно или физичко лице: |
| Датум на вештачење:30.03.2015<br>15.05.2015 | Датум на изработка: 09.07.2015 | |
| Вешто лице: м-р по економски науки Кире Костов,<br>Дипл.екк.Марина Кралева Клампфер,<br>Дипл.екк. Лилјана Костадинова | | |

в.д. Директор

М-р Дени Ѓорчевски

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

Со Наредба на Основно јавно обвинителство Штип, донесена од страна на Јавен обвинител Билјана Тошева Анакиева, постапувајќи по предмет КО бр. 255/13 по кривична пријава поднесена од оштетениот Владислав Михаилович Втулкин од Москва против Ристе Љуботенски и Верица Љуботенска од Штип и против НН сторител за кривично дело "Злоупотреба на службената положба и овластување", "Фалсификување на исправа" и "Измама" од КЗ, заради правилно утврдување на фактичка состојба во врска со наводите во пријавата, определено е да се изврши економско финансиско вештачење.

Бирото за судски вештачења Скопје со Решение СВ I 32/2015 за вештачење по предметот ги одреди вештите лица дипл.екк. Кире Костов, дипл.екк. Марина Кралева Клампфер и дипл.екк.Лилјана Костадинова.

# Н А О Д

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

## 1. Датум, место и присутни на вештачењето

На ден 30.03.2015 година се одржа вештачење во просториите на "Имако" ДООЕЛ Штип, во присуство на:

- Ристе Љуботенски, сопственик на "Имако" ДООЕЛ
- Ивица Димитриев, адвокат на Владислав Михаилович Втулкин
- Зоран Мladenовски, финансиски соработник на Владислав Михаилович Втулкин
- Ангел Ралевски, финансиски соработник на Владислав Михаилович Втулкин

На ден 15.05.2015 година се одржа второ вештачење во просториите на Бирото за судски вештачења Скопје, во присуство на:

- Ристе Љуботенски, сопственик на "Имако" ДООЕЛ
- Ивица Димитриев, адвокат на Владислав Михаилович Втулкин

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

# 2. Конкретни барања

Да се изврши економско финансиско вештачење при што да се утврдат фактите и околностите поврзани со:

1.Пристапувањето на странскиот содружник-оштетениот Владислав Втулкин во друштвото ДООЕЛ "Имако" Штип, дали пред неговото пристапување е направена проценка на вредноста на капиталот на друштвото ДООЕЛ Имако Штип, да се утврди колкава била вредноста на капиталот на друштвото во моментот на влегување на странскиот содружник Владислав Втулкин и следствено на тоа колкаво учество - со парични средства или капитал требало да биде внесено од странскиот содружник при неговото пристапување во друштвото Имако ДОО Штип, на кој начин било договорено учеството во капиталот во процесот на пристапување на содружникот Владислав Втулкин (дали со инвестирање во опрема, средства или со зголемување на основната главнина) и дали од негова страна е испочитувана обврската за вложување-инвестирање во опрема, средства и капитал, во кој обем и на кој начин е направено ова.

2.Да се изврши увид во книговодствено-финансовото работење на ДООЕЛ подоцна ДОО "Имако" Штип и на Винарската визба "Имако Вино" ДООЕЛ Штип, во врска со деловната соработка на друштвото со фирмата ПИМ Хасково од Бугарија во периодот од 2003 до 2008 година, при што да се утврди на кој начин е вршено плаќањето на опремата, колкав износ на парични средства имаат плаќано овие две друштва на оваа фирма и по кои фактури за набавка на опрема за потребите на друштвата, дали оваа опрема е испорачана, кога и во кое друштво, врз основа на кое задолжување-фактура.

3.Од оштетениот Владислав Михаилович Втулкин преку неговиот полномошник адв.Ненад Јаникевиќ од Скопје да се обезбеди писмена документација во оригинал со која се докажува извршеното плаќање на опремата од негова страна, при што да се утврди дали и на кој начин е извршено плаќањето, од која сметка, со каква трансакција и врз основа на кое задолжение-фактура е извршено плаќање на опремата за сметка на друштвата ДОО "Имако" Штип и Винарска визба "Имако Вино" ДООЕЛ Штип набавена од фирмата ПИМ Хасково од Бугарија за периодот од 2003 до 2008 година и за истото да ни биде доставен писмен документ за извршеното плаќање од фирмата или лицето кое го извршило плаќањето (извод од состојба сметка на оштетениот или од друштвото ПИМ од Хасково Бугарија од деновите кога се извршени исплатите за опремата).

4.Да се утврдат факти и околности по однос на начинот на набавка на опрема од страна на друштвата сопственост на пријавените Ристе и Верица Љуботенски за наведениот период од 2003 до 2008 година, дали сите набавки на опрема се вршени и за истите е плаќано од сметките на друштвата ДОО "Имако" и Винарска визба "Имако Вино" ДООЕЛ Штип, со посебен осврт на доставеното известување-Соопштение од ПИМ

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

Бугарија од 11.04.2008 година изготвено од таа фирма и да се даде појаснување врз основа на каква финансиско сметководствена документација е направено истото.

5.Да се испита релацијата, поврзаноста и деловните односи помеѓу фирмата ДЕЛЛА ТОФОЛА од Тревизо Италија со Владислав Втулкин и ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и за што се однесуваат банкарските трансакции наведени во потврдата издадена од ДЕЛЛА ТОФОЛА од 19.11.2007 година која е доставена до ОЈО Штип од страна на пријавителот-оштетениот Владислав Втулкин со кривичната пријава.

6.Да се испита евентуална поврзаност на остварени односи помеѓу друштвата ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ со друштвата од странство сопственост на оштетениот Владислав Втулкин во контекст на извршени плаќања од фирми во странство-Русија, Германија и Бугарија сопственост на оштетениот и плаќања извршени од фирмите ДОО Имако и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип во корист на фирми сопственост на оштетениот со посебен преглед на извршени плаќања по основ, задолжување и начин на плаќање.

7.Да се утврди дали направените промени и извршените уписи во Трговскиот регистар при Централниот регистар на РМ на ДОО "Имако" Штип во врска со пристапувањето на странскиот содружник Владислав Втулкин во 2005 година, особено во делот на основачките влогови се направени согласно доставени правно валидни основачки акти потребни за соодветната промена која се врши, да се утврди дали постои обврска за зголемување на основната главнина на друштвото ДОО Имако Штип во случај на консеквентни вложувања во друштвото од значителен обем како што е во конкретниот случај и дали основната главнина на ова друштво е зголемувана соодветно на капиталот што го поседува, на кој начин странскиот содружник Владислав Втулкин ги има остварувано правата од содружничкиот однос во периодот од влегувањето во друштвото "Имако" ДОО во 2005 година до поднесување на кривичната пријава во 2013 година, дали има учествувано во распределба на добивката и кои се всушност неговите придобивки од содружништвото со пријавениот Ристе Љуботенски во неговите друштва.

8.Да се утврди дали актите кои се однесуваат на соодветните промени на назив на Винарската визба "Имако Вино" ДООЕЛ Штип во текот на 2007 година и на промена на содружник кога уделот на единствениот содружник-правното лице ДОО "Имако" Штип (каде содружници се пријавениот Ристе Љуботенски на 51% и оштетениот Владислав Втулкин на 49% од основната главнина ) е пренесен на Ристе Љуботенски како единствен содружник во Винарска визба "Имако Вино" ДООЕЛ Штип, се правно валидни, во смисла на нивна сообразност со законските прописи и Законот за трговски друштва и дали од вака преземените дејствија и направени промени во Трговскиот регистар во Винарска визба "Имако Вино" ДООЕЛ Штип имаат штетни последици за

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

содружничкиот однос на оштетениот Владислав Втулкин во друштвото ДОО Имако Штип.

# II. ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

1.Пристапувањето на странскиот содружник-оштетениот Владислав Втулкин во друштвото ДООЕЛ Имако Штип,

На ден 13.11.2004 година во Штип склучен е "Договор за деловно техничка и финансиска соработка" помеѓу Владислав Втулкин од Москва (прва договорна страна) и Ристе Љуботенски од Штип (втора договорна страна). Предмет на договорот е деловно техничка и финансиска соработка во производство и промет со грозје и вино.

Во член 1 од договорот е наведено:
"Втората договорна страна располага со капитал во кој се сметаат обртните парични средства, визба во м.в. 6-ти километар како и земјиште на кое е изградена и лозја на кои се врши одгледување на винова лоза сопственост на ДООЕЛ "Имако" и ДООЕЛ "Имако Вино" и истата се согласува првата договорна страна да пристапи како содружник со 50% од вредноста на капиталот во кој се сметаат обртните парични средства, визба во м.в. 6-ти километар како и земјиште на кое е изградена и лозја на кои се врши одгледување на винова лоза."

Во член 2 од договорот е наведено:
"Првата договорна страна се согласува да пристапи како содружник со 50% од вредноста на капиталот во кој се сметаат обртните парични средства, визба во м.в. 6-ти километар како и земјиште на кое е изградена и лозја на кои се врши одгледување на винова лоза и во исто време се обврзува да ги превземе сите обврски како содружник кои му припаѓаат по ЗТР."

Договорот е заверен од страна на Нотар Ленче Каранфиловска Штип под УЗП број 5958/04 од 13.11.2004 година.

Во Договорот не е предвидена висината на паричните средства како цена за 50% од вредноста на капиталот кој Владислав Втулкин треба да ги исплати на втората договорна страна.

На ден 18.11.2004 година донесена е "Одлука за пристапување на содружник", заверена со архивски број 49-04, врз основа на која кон друштвото Имако ДООЕЛ Штип пристапува содружникот Владислав Втулкин од Москва. Според член 2 од Одлуката, со пристапувањето кон друштвото содружникот внесува влог од 153.250,00 денари или 2.500 Евра со што се стекнува со право на сопственост на 49% од основната главнина на друштвото, влогот се состои од пари.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

На ден 18.11.2004 година донесена е "Одлука за усогласување со одредбите од ЗТД", потпишана од содружниците Ристе Љуботенски и Владислав Втулкин, според која поради пристапување на содружник кон друштвото Имако ДООЕЛ извршена е преорганизација на друштвото во друштво со ограничена одговорност односно "Имако" ДОО.

На ден 18.11.2004 година склучен е "Договор за основање на ДОО". Според член 3 од договорот, Содружници на "Имако" ДОО Штип се Ристе Љуботенски и Владислав Втулкин.

Во член 8 од договорот е наведено дека основната главница на друштвото изнесува 5.100 Евра односно 312.400,00 денари. Содружниците учествуваат со сооднос 51% : 49% на нивниот основачки влог во вкупната основна главнина на друштвото, односно:

-Содружникот Ристе Љуботенски во друштвото учествува со 51% во вкупниот основачки влог, односно износ од 2.600 Евра или денарска противвредност од 159.380,00 денари.

-Содружникот Владислав Втулкин во друштвото учествува со 49% во вкупниот основачки влог, односно износ од 2.500 Евра или денарска противвредност од 153.250,00 денари.

На ден 02.12.2004 година според "Извештај за наплата од странство" –Обр.746 од Стопанска банка АД Скопје, лицето Владислав Втулкин уплатил износ од 2.490 Евра, од кои 2.475 Евра Стопанска банка префрла на сметка на Имако ДООЕЛ Штип, разликата е по основ на банкарска провизија. Во опис на трансакцијата е наведено "Зголемување на оснивачки влог по Одлука од 18.11.2004".

1.1 Дали пред неговото пристапување е направена проценка на вредноста на капиталот на друштвото ДООЕЛ Имако Штип,

Проценка на пазарната вредноста на капиталот на друштвото ДООЕЛ "Имако" Штип не е направена пред пристапувањето на Владислав Втулкин.

1.2 Да се утврди колкава била вредноста на капиталот на друштвото во моментот на влегување на странскиот содружник Владислав Втулкин и следствено на тоа колкаво учество - со парични средства или капитал требало да биде внесено од странскиот содружник при неговото пристапување во друштвото Имако ДОО Штип,

Според Билансот на состојба за 2003 година како година која претходи на Одлуката на пристапување на содружникот Втулкин, книговодствената вредност на капиталот на друштвото на Имако ДОО Штип, со ЕМБС 4805178 , изнесува:
Вкупна актива 83.632.799,00
<u>Долгорочни и краткорочни обврски 81.271.504,00</u>

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

Сметководствена вредност на капитал и резерви 2.361.295,00 денари.

Во Договорот за основање на друштвото Имако ДОО Штип не се наведени обврските на двајцата содружници, односно нема одредба во однос на тоа колку парични средства или капитал треба да биде внесено од страна на странскиот содружник.

Според "Договор за деловно техничка и финансиска соработка" помеѓу Владислав Втулкин од Москва (прва договорна страна) и Ристе Љуботенски од Штип (втора договорна страна) од 13.11.2004 година, каде предмет на договорот е деловно техничка и финансиска соработка во производство и промет со грозје и вино, Владислав Втулкин требало да уплати 50% од вредноста на капиталот на друштвото кој капитал во моментот на склучување на договорот бил во сопственост на Ристе Љуботенски како единствен содружник. По овој основ лицето Владислав Втулкин според доказите кои се доставени на вештачење нема извршено уплата.

1.3 На кој начин било договорено учеството во капиталот во процесот на пристапување на содружникот Владислав Втулкин (дали со инвестирање во опрема, средства или со зголемување на основната главнина) и дали од негова страна е испочитувана обврската за вложување-инвестирање во опрема, средства и капитал, во кој обем и на кој начин е направено ова,

Лицето Владислав Втулкин уплатил износ од 2.475 Евра на сметка на Имако ДООЕЛ Штип. Во опис на трансакцијата е наведено "Зголемување на основачки влог по Одлука од 18.11.2004". Други начини на учество во капиталот на "Имако ДОО" не се наведени во Договорот за основање на ова друштво.

**2.** Да се изврши увид во книговодствено-финансовото работење на ДООЕЛ подоцна ДОО Имако Штип и на Винарската визба Имако Вино ДООЕЛ Штип, во врска со деловната соработка на друштвото со фирмата ПИМ Хасково од Бугарија во периодот од 2003 до 2008 година , при што да се утврди на кој начин е вршено плаќањето на опремата, колкав износ на парични средства имаат плаќано овие две друштва на оваа фирма и по кои фактури за набавка на опрема за потребите на друштвата, дали оваа опрема е испорачана, кога и во кое друштво, врз основа на кое задолжување-фактура.

На вештачењето во однос на фирмата ПИМ Хасково, доставена е следната книговодствена евиденција:

Аналитички картици 220 на Имако Штип за деловен партнер ПИМ Бугарија

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

| Реден број | Година | Должи (платено по Извод) | Побарува (Фактурирана набавена опрема) | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2003 | 0 | 9.645.135,00 | -9.645.135,00 |
| 2 | 2004 | 46.566.707,50 | 33.778.180,00 | 3.143.386,50 |
| 3 | 2005 | 14.587.490,00 | 26.225.615,00 | - 11.638.125,00 |
| ВКУПНО | | **61.154.197,00** | **69.648.930,00** | |

Аналитички картици 220 на Имако Вино ДООЕЛ Штип за деловен партнер ПИМ Бугарија

| Реден број | Година | Должи (платено по Извод) | Побарува (Фактурирана опрема) | Салдо |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2006 | - | 18.714.603,50 | - 18.714.603,50 |
| 2 | 2007-салдо 2006 | 0 | 0 | -18.714.603,50 |
| 3 | 2008-салдо 2007 | 0 | 0 | -18.714.603,50 |

Според податоците дадени погоре, Имако Штип има извршено плаќање кон ПИМ Хасково Бугарија во 2004 година, износ од 46.566.707,50 денари и во 2005 година износ од 14.587.490,00 денари или вкупно платени средства во износ од 61.154.197,00 денари (46.566.707,50 + 14.587.490,00). Плаќањата во сметководството на Имако и Имако Вино се евидентирани врз основа на девизни изводи од сметките на наведените субјекти.

Во однос на набавката на опрема од ПИМ Хасково, Бугарија, евидентирани се во аналитичките картици, фактури во вкупен износ од:

- во Имако Штип= 69.648.930,00денари
- во Имако Вино ДООЕЛ Штип= 18.714.603,50 денари

ВКУПНО евидентирани фактури =88.363.533,00 денари

Од страна на адвокатот на Владислав Втулкин на вештачењето беа доставени следните Фактури за набавка на опрема од ПИМ Хасково Бугарија за Имако Штип:

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

Фактури за опрема од ПИМ Хасково Бугарија кон Имако Штип

| Реден број | Фактура број | Дата | Опис на производот | Износ во Евра | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 3673 | 24.10.2003 | садови за чување вино, лим | 43.786,00 | 2.681.192,00 |
| 2 | 3679 | 07.12.2003 | садови за чување вино, лим | 68.544,00 | 4.200.788,00 |
| 3 | 3667 | 24.10.2003 | садови за чување вино, лим | 45.140,00 | 2.763.155,00 |
| | **ВКУПНО 2003** | | | **112.330,00** | **9.645.135,00** |
| 1 | 3688 | 17.02.2004 | сад за чување вино | 9.600,00 | 588.384,00 |
| 2 | 3757 | 17.02.2004 | сад за чување вино | 9.600,00 | 588.384,00 |
| 3 | 3758 | 17.02.2004 | сад за чување вино | 9.600,00 | 588.384,00 |
| 4 | 3759 | 24.02.2004 | сад за чување вино | 9.600,00 | 588.384,00 |
| 5 | 3760 | 24.02.2004 | сад за чување вино | 9.600,00 | 588.384,00 |
| 6 | 3761 | 24.02.2004 | сад за чување вино | 9.600,00 | 588.384,00 |
| 7 | 3762 | 24.02.2004 | сад за чување вино | 9.600,00 | 588.384,00 |
| 8 | 3763 | 24.02.2004 | сад за чување вино | 9.600,00 | 588.384,00 |
| 9 | 3775 | 14.04.2004 | делови за помошни платформи | 8.805,00 | 539.720,00 |
| 10 | 3782 | 23.04.2004 | резервоар | 6.300,00 | 386.171,00 |
| 11 | 3787 | 10.05.2004 | садови за чување вино | 80.964,00 | 4.963.013,00 |
| 12 | 3867 | 01.06.2004 | резервоар | 7.300,00 | 447.570,00 |
| 13 | 3868 | 01.06.2004 | резервоар | 7.300,00 | 447.570,00 |
| 14 | 3869 | 01.06.2004 | резервоар | 7.600,00 | 465.964,00 |
| 15 | 3870 | 04.06.2004 | бункер, резервоар | 16.500,00 | 1.011.632,00 |
| 16 | 3991 | 23.07.2004 | бункер | 14.000,00 | 858.368,00 |
| 17 | 4052 | 25.08.2004 | машина за ронење на грозје, лентест трамспортер, пумпа, корито, дозатор, изменувач на топлина | 66.200,00 | 4.056.935,00 |
| 18 | 4079 | 05.09.2004 | ферментатор | 17.300,00 | 1.060.300,00 |
| 19 | 4080 | 05.09.2004 | ферментатор | 17.300,00 | 1.060.300,00 |
| 20 | 4081 | 05.09.2004 | ферментатор | 17.300,00 | 1.060.300,00 |
| 21 | 4082 | 05.09.2004 | ферментатор, помошна платформа, спирална скала, конзола | 24.098,00 | 1.476.942,00 |
| 22 | 4126 | 09.09.2004 | ферментатор | 17.300,00 | 1.060.300,00 |
| 23 | 4127 | 09.09.2004 | ферментатор, цевка | 18.188,00 | 1.113.105,60 |
| 24 | 4145 | 14.09.2004 | завоен транспортер, помошна платформа | 14.910,00 | 916.965,00 |
| 25 | 4163 | 23.09.2004 | ферментатор | 9.500,00 | 582.246,00 |
| 26 | 4164 | 23.09.2004 | ферментатор, помошна платформа | 11.345,00 | 695.324,00 |
| 27 | 4182 | 29.09.2004 | ферментатор | 17.300,00 | 1.062.255,00 |
| 28 | 4183 | 29.09.2004 | ферментатор | 9.500,00 | 583.319,00 |

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 29 | 4186 | 01.10.2004 | ферментатор | 9.500,00 | 583.319,00 |
| 30 | 4201 | 13.10.2004 | ферментатор | 9.500,00 | 583.319,00 |
| 31 | 4202 | 13.10.2004 | ферментатор | 9.500,00 | 583.319,00 |
| 32 | 4203 | 13.10.2004 | ферментатор | 9.500,00 | 583.319,00 |
| | **ВКУПНО 2004** | | | **503.810,00** | **30.984.315,00** |
| 1 | 3684 | 04.01.2005 | лим, дел од помошни платформи | 13.520,00 | 831.480,00 |
| 2 | 4326 | 22.03.2005 | сад вертикален | 10.900,00 | 668.748,00 |
| 3 | 4327 | 22.03.2005 | сад вертикален | 9.530,00 | 584.694,00 |
| 4 | 4328 | 23.03.2005 | помошна платформа | 4.140,00 | 254.001,00 |
| 5 | 4329 | 30.03.2005 | сад вертикален | 7.600,00 | 466.815,00 |
| 6 | 4344 | 18.05.2005 | сад вертикален | 11.460,00 | 703.209,00 |
| 7 | 4349 | 25.05.2005 | сад вертикален | 10.880,00 | 667.619,00 |
| 8 | 4451 | 27.05.2005 | сад вертикален | 10.880,00 | 667.619,00 |
| 9 | 4453 | 31.05.2005 | сад вертикален | 10.880,00 | 668.065,00 |
| 10 | 4749 | 03.09.2005 | резервоар | 7.600,00 | 465.371,00 |
| 11 | 4748 | 03.09.2005 | резервоар | 7.600,00 | 465.371,00 |
| 12 | 4750 | 07.09.2005 | резервоар | 7.600,00 | 465.371,00 |
| 13 | 4751 | 07.09.2005 | резервоар | 7.600,00 | 465.371,00 |
| 14 | 4755 | 08.09.2005 | резервоар | 7.600,00 | 465.371,00 |
| 15 | 4781 | 17.09.2005 | резервоар | 7.600,00 | 465.371,00 |
| 16 | 4782 | 17.09.2005 | резервоар | 7.600,00 | 465.371,00 |
| 17 | 4799 | 21.09.2005 | резервоар | 7.600,00 | 465.371,00 |
| 18 | 4800 | 21.09.2005 | резервоар | 7.600,00 | 465.371,00 |
| 19 | 4842 | 18.10.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.515,00 |
| 20 | 4843 | 18.10.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.515,00 |
| 21 | 4844 | 18.10.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.515,00 |
| 22 | 4841 | 18.10.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.515,00 |
| 23 | 4845 | 19.10.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.515,00 |
| 24 | 4864 | 24.10.2005 | завоен транспортер | 26.040,00 | 1.594.533,00 |
| 25 | 4912 | 01.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 26 | 4913 | 01.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 27 | 4916 | 02.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 28 | 4917 | 02.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 29 | 4928 | 07.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 30 | 4929 | 07.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 31 | 4930 | 07.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 32 | 4931 | 07.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 33 | 4932 | 07.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 34 | 4933 | 07.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 35 | 4935 | 14.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 36 | 4936 | 14.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 37 | 4937 | 14.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 38 | 4939 | 14.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 39 | 4938 | 14.11.2005 | резервоар | 6.900,00 | 422.080,00 |
| 40 | 4941 | 18.11.2005 | ферментатор | 9.500,00 | 581.125,00 |
| 41 | 4942 | 18.11.2005 | ферментатор | 9.500,00 | 581.125,00 |
| 42 | 4943 | 18.11.2005 | ферментатор | 9.500,00 | 581.125,00 |
| 43 | 4944 | 18.11.2005 | ферментатор | 9.500,00 | 581.125,00 |
| 44 | 4945 | 18.11.2005 | ферментатор | 9.500,00 | 581.125,00 |
| 45 | 4955 | 06.12.2005 | помошна платформа | 16.200,00 | 991.667,00 |
| 46 | 4956 | 06.12.2005 | ферментатор | 9.500,00 | 581.533,00 |
| 47 | 4957 | 06.12.2005 | ферментатор | 9.500,00 | 581.533,00 |
| 48 | 4959 | 12.12.2005 | ферментатор | 9.500,00 | 581.533,00 |
| 49 | 4960 | 12.12.2005 | ферментатор | 17.300,00 | 1.059.022,00 |
| | **ВКУПНО 2005** | | | **431.730,00** | **26.439.810,00** |
| 1 | 5060 | 01.03.2006 | ферментатор | 17.300,00 | 1.059.348,00 |
| 2 | 5061 | 01.03.2006 | ферментатор | 17.300,00 | 1.059.348,00 |
| 3 | 5062 | 01.03.2006 | ферментатор | 17.300,00 | 1.059.348,00 |
| 4 | 5064 | 22.03.2006 | ферментатор | 17.300,00 | 1.059.348,00 |
| 5 | 5064 | 22.03.2006 | ферментатор | 17.300,00 | 1.063.950,00 |
| 6 | 5065 | 22.03.2006 | ферментатор | 17.300,00 | 1.059.348,00 |
| 7 | 5066 | 22.03.2006 | ферментатор | 17.300,00 | 1.059.348,00 |
| 8 | 5067 | 22.03.2006 | ферментатор | 17.300,00 | 1.059.348,00 |
| 9 | 5160 | 02.05.2006 | помошна платформа | 13.790,00 | 843.424,00 |
| 10 | 5422 | 01.08.2006 | цевководи, арматури, ферментатори | 45.469,00 | 2.781.157,00 |
| 11 | 5425 | 07.08.2006 | ротовинематик | 42.600,00 | 2.605.672,00 |
| 12 | 5476 | 23.08.2006 | ферментатор, рез.делови | 43.661,00 | 2.670.569,00 |
| 13 | 5479 | 25.08.2006 | ферментатор, рез.делови | 26.370,00 | 1.612.947,00 |
| 14 | 5523 | 09.09.2006 | цевки, приклучок | 11.075,00 | 677.502,00 |
| | **ВКУПНО 2006** | | | **321.365,00** | **19.670.657,00** |
| | **ВКУПНО 2003-2006** | | | **1.369.235,00** | **86.739.917,00** |

Кон фактурите наведени во Табелата погоре, приложени се следните документи:

- “Формулар за испраќачот/извозникот Република Бугарија“
- “Меѓународен товарен лист“

Во фактурата во делот “датум на испорака“ стои истиот датум како и на фактурата.

Сите фактури гласат за купувач: “Имако“ Штип.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

Плаќањата евидентирани во Аналитичките картици со опис “девизен извод“ се однесуваат на горе наведените фактури. Во однос на прашањето во кое друштво е испорачана опремата, вештите лица не можат да се произнесат бидејќи на сите фактури стои купувач “Имако” Штип.

3.Од оштетениот Владислав Михаилович Втулкин преку неговиот полномошник адв.Ненад Јаникевиќ од Скопје да се обезбеди писмена документација во оригинал со која се докажува извршеното плаќање на опремата од негова страна, при што да се утврди дали и на кој начин е извршено плаќањето, од која сметка, со каква трансакција и врз основа на кое задолжение-фактура е извршено плаќање на опремата за сметка на друштвата ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип набавена од фирмата ПИМ Хасково од Бугарија за периодот од 2003 до 2008 година и за истото да ни биде доставен писмен документ за извршеното плаќање од фирмата или лицето кое го извршило плаќањето (извод од состојба сметка на оштетениот или од друштвото ПИМ од Хасково Бугарија од деновите кога се извршени исплатите за опремата).

Во однос на плаќањето на опремата на ПИМ Бугарија од страна на оштетениот Владислав Втулкин, на вештачењето беа побарани банкарски изводи за извршени плаќања. Таква документација не беше доставена на увид. Плаќањата за фактурите наведени погоре е извршено од девизните сметки на Имако Штип.

4.Да се утврдат факти и околности по однос на начинот на набавка на опрема од страна на **друштвата сопственост на пријавените Ристе и Верица Љуботенски** за наведениот период од 2003 до 2008 година, дали сите набавки на опрема се вршени и за истите е плаќано од сметките на друштвата ДОО Имако и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип, со посебен осврт на доставеното известување-**Соопштение од ПИМ Бугарија од 11.04.2008 година** изготвено од таа фирма и да се даде појаснување врз основа на каква финансиско сметководствена документација е направено истото.

Во однос на извршените плаќања за набавка на опрема, според книговодствената евиденција на **Имако Штип,** извршени се следните плаќања кон:

- ПИМ Бугарија во вкупен износ од 61.154.197,00 денари,
- Делла Тофола Италија во вкупен износ од 16.573.976,00 денари

Плаќања за набавка на опрема од **Винарска визба “Имако Вино” ДООЕЛ** кон ПИМ Бугарија нема евидентирано во Аналитичкото конто за овој добарувач. Нема евидентирано плаќања и за добавувач Делла Тофола Италија.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

Во Соопштението од ПИМ Бугарија од 11.04.2008 година изготвено од таа фирма а доставено до Владислав Втулкин е наведено дека ПИМ Бугарија извршила извоз за "Имако" Штип во периодот 2003-2008 година во вкупна вредност од 1.442.311 Евра. Плаќањето на опремата дека е целосно извршено и тоа 785.970 Евра дека се платени од "Имако" Штип, а остатокот од 683.341 Евра се платени од Владислав Втулкин.

Документација за извршени плаќања од страна на лицето Владислав Втулкин не е доставена на увид, додека според книговодствената евиденција на "Имако" Штип, вкупниот износ на евидентирани плаќања кон ПИМ Бугарија изнесува 61.154.197,00 денари или околу 999.000 Евра.

На вештачењето од страна на Ристе Љуботенски беше доставен Допис од ПИМ Бугарија испратен до "Имако Вино "Штип на ден 05.11.2013 со број 862 преведено од бугарски на македонски јазик од овластен судски преведувач Бистра Василева, во кој се наведува дека во врска со договорите за доставување на опрема за производство на вино со "Имако Вино" Штип за период 2003-2008 година, ПИМ Бугарија нема добиено девизни уплати од страна на Владислав Втулкин во својство на индивидуално приватно лице.

Сметаме дека Дописите доставени од ПИМ Хасково до Владислав Втулкин и до "Имако" Штип не се релевантен доказ од кој може да се констатира плаќања.

5.Да се испита релацијата, поврзаноста и деловните односи помеѓу фирмата ДЕЛЛА ТОФОЛА од Тревизо Италија со Владислав Втулкин и ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и за што се однесуваат банкарските трансакции наведени во потврдата издадена од ДЕЛЛА ТОФОЛА од 19.11.2007 година која е доставена до ОЈО Штип од страна на пријавителот-оштетениот Владислав Втулкин со кривичната пријава.

Во Потврдата која е издадена од ДЕЛЛА ТОФОЛА на 19.11.2007 година за Владислав Втулкин е наведено дека со тој документ Делла Тофола потврдува банкарски трансфери извршени од страна на Владислав Втулкин во вкупен износ од 797.153 Евра. Банкарски изводи за овие трансфери не се доставени на увид, како би можело да се утврди дали навистина овие средства се исплатени кон Делла Тофола.

На вештачењето од страна на Ристе Љуботенски доставен е Допис од Делла Тофола Италија со датум 20.01.2015 година и со наслов "До сите заинтересирани страни", во кој е наведено дека според сметководството на Делла Тофола на ден 20.01.2015 година нема побарувања од купувачите Винарија Имако Вино ДООЕЛ и Имако ДОО и дека во нивна корист никогаш нема примено трансфер или пари од индивидуални лица.

Дописите доставени од Дела Тофола до Владислав Втулкин и до Имако Штип не се релевантен доказ од кој може да се констатира плаќања.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

6.Да се испита евентуална поврзаност на остварени односи помеѓу друштвата ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ со друштвата од странство сопственост на оштетениот Владислав Втулкин во контекст на извршени плаќања од фирми во странство-Русија, Германија и Бугарија сопственост на оштетениот и плаќања извршени од фирмите ДОО Имако и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип во корист на фирми сопственост на оштетениот со посебен преглед на извршени плаќања по основ, задолжување и начин на плаќање.

Во врска со поврзаност на остварени односи помеѓу друштвата ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ со друштвата од странство сопственост на оштетениот Владислав Втулкин, од доставените докази констатирано е постоење на деловни односи – испорака на вино од Имако Штип кон подолу наведените фирми како и плаќањата кои овие фирми ги извршиле кон Имако Штип.

На вештачењето од страна на Ристе Љуботенски доставена е книговодствена евиденција за деловни односи на Имако со неколку странски друштва за кои појасни дека се сопственост на Владислав Втулкин.

Извршен е увид во фактурите издадени од **Имако ДООЕЛ** кон купувач **Моро** Русија за продажба на вино. Во 2005 година издадени се фактури во вкупен износ од 9.405.607,00 денари. Според доставената Аналитичка картица од Имако Штип, за конто 120-Побарување од купувачи за клиент Моро Русија, евидентирани се уплати во износ од 235.469,00 денари. – ПЛАЌА РУСИЈА

КУПУВА РУСИЈА

За деловната 2006 година, во Аналитичка картица од **Имако ДООЕЛ Штип** конто 120-Побарување од купувачи за клиент Моро Русија, евидентирани се уплати во износ од 2.466.214,00 денари – ПЛАЌА

Според книговодствената евиденција на **Имако Вино ДООЕЛ**, на конто 120 за комитент **Моро Русија,** во деловната 2006 година евидентирани се фактури во износ од 6.000.477,00 денари и извршени уплати од страна на комитентот од 172.252,00 денари. КУПУВА РУСИЈА ПЛАЌА

Според книговодствената евиденција на **Имако Вино ДООЕЛ**, на конто 120 за комитент **Моро Русија,** во деловната 2007 година евидентирани се фактури во износ од 6.102.977,00 денари и извршени уплати од страна на комитентот од 2.898.422,00денари.

Според книговодствената евиденција на **Имако Штип**, на конто 120 за комитент **БМБ Хандел Германија,** во деловната 2005 година евидентирани фактури

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.



[redacted]

за испорачана стока нема, евидентирани се уплати од страна на комитентот во износ од 8.508.235 денари. Во 2006 година во Аналитичката картица 120 на Имако Штип, евидентирано е само пренесено салдо од 2005 година во износ од 8.508.235 денари.

Според книговодствената евиденција на **Имако Вино ДООЕЛ Штип**, на конто 120 за комитент **БМБ Хандел Германија,** во деловната 2006 година евидентирани фактури за испорачана стока во износ од 4.479.246,00 денари, а евидентирани уплати од страна на комитентот нема.

Според книговодствената евиденција на **Имако Вино ДООЕЛ Штип**, на конто 120 за комитент **БМБ Хандел Германија,** во деловната 2007 година евидентирани се фактури за испорачана стока во износ од 1.304.063,00 денари, а евидентирани уплати од страна на комитентот во износ од 3.045.485,00 денари. Во Аналитичката картица за 2008 година извршен е пренос на салдото за ненаплатено побарување во износ од 2.737.824,00 денари.

Според книговодствената евиденција на **Имако Вино ДООЕЛ Штип**, на конто 120 за комитент **Сојуз Вино Русија,** во деловната 2006 година евидентирани се фактури за испорачана стока во износ од 63.615.404,00 денари, а евидентирани уплати од страна на комитентот во износ од 10.106.093,00 денари.

Според книговодствената евиденција на **Имако Вино ДООЕЛ Штип**, на конто 120 за комитент **Сојуз Вино Русија,** во деловната 2007 година евидентирани се фактури за испорачана стока во износ од 64.696.829,00 денари, а евидентирани уплати од страна на комитентот во износ од 21.411.005,00 денари. Во Аналитичката картица за 2008 година пренесено е салдо за ненаплатени побарувања од Сојуз Вино Русија во износ од 96.795.191,00 денари.

**7.**Да се утврди дали направените промени и извршените уписи во Трговскиот регистар при Централниот регистар на РМ на ДОО Имако Штип во врска со пристапувањето на странскиот содружник Владислав Втулкин во 2005 година, особено во делот на основачките влогови се направени согласно доставени правно валидни основачки акти потребни за соодветната промена која се врши.

Според "Историјат со промени" издаден од Централен регистар на РМ на 23.03.2015 година, во друштвото Имако ДОО Штип на ден 07.09.2005 година впишана е промена во делот "Сопственици" каде се наведени:

-Ристе Љуботенски со непаричен влог од 159.380,00 денари и

-Владислав Втулкин Михаилович со непаричен влог од 153.250,00 денари.

Во Договорот за основање на ДОО "Имако" увоз-извоз Штип од 18.11.2004 година во член 8 е наведено дека основната главница на друштвото изнесува 5.100 Евра односно

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

312.400,00 денари. Содружниците учествуваат со соодност 51%:49% на нивниот основачки влог во вкупната основна главнина на друштвото, односно:

-Содружникот Ристе Љуботенски во друштвото учествува со 51% во вкупниот основачки влог, односно износ од 2.600 Евра или денарска противвредност од 159.380,00 денари

-Содружникот Владислав Втулкин во друштвото учествува со 49% во вкупниот основачки влог, односно износ од 2.500 Евра или денарска противвредност од 153.250,00 денари.

Според Извештај за наплата од странство од Стопанска банка лицето Владислав Втулкин уплатил износ од 2.475 Евра на сметка на Имако ДООЕЛ Штип со опис на трансакција "Зголемување на оснивачки влог по Одлука од 18.11.2004".

Според Одлука за пристапување на содружник во член 2 е предвидено дека со пристапување содружникот внесува влог во висина од 153.250,00 денари или 2.500 Евра со што се стекнува со право на сопственост на 49% од основната главнина на друштвото која се состои во пари.

Во списите на предметот доставени се Одлуки и Изјави за основање на друштвото "Имако" ДОО Штип, но дали овие документи се правно валидни основачки акти за извршената промена, сметаме дека се работи за правни прашања во надлежност на ОЈО.

7.1Да се утврди дали постои обврска за зголемување на основната главнина на друштвото ДОО Имако Штип во случај на консекветни вложувања во друштвото од значителен обем како што е во конкретниот случај и дали основната главнина на ова друштво е зголемувана соодветно на капиталот што го поседува,

Освен уплатениот износ од 2.475 Евра на сметка на Имако ДООЕЛ Штип од страна на лицето Владислав Втулкин со опис на трансакција "Зголемување на оснивачки влог по Одлука од 18.11.2004", докази за други вложувања во Имако ДОО не се доставени. Консеквентни вложувања во друштвото од значителен обем според доставената документација не се евидентирани па поради тоа не постои обврска за зголемување на основната главнина на Имако ДОО Штип.

7.2На кој начин странскиот содружник Владислав Втулкин ги има остварувано правата од содружничкиот однос во периодот од влегувањето во друштвото Имако ДОО во 2005 година до поднесување на кривичната пријава во 2013 година, дали има учествувано во распределба на добивката и кои се всушност неговите придобивки од содружништвото со пријавениот Ристе Љуботенски во неговите друштва.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

Документација во однос на остварени права и придобивки од содружништво за лицето Владислав Втулкин, односно Записници од собир на содружници и Одлуки за усвојување извештаи за работа на друштвото Имако ДОО, на финансиски извештаи како и распределба на добивка не се доставени на увид.

8.Да се утврди дали актите кои се однесуваат на соодветните промени на назив на Винарската визба Имако Вино ДООЕЛ Штип во текот на 2007 година и на промена на содружник кога уделот на единствениот содружник-правното лице ДОО Имако Штип (каде содружници се пријавениот Ристе Љуботенски на 51% и оштетениот Владислав Втулкин на 49% од основната главнина ) е пренесен на Ристе Љуботенски како единствен содружник во Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип, се правно валидни, во смисла на нивна сообразност со законските прописи и Законот за трговски друштва и дали од вака преземените дејствија и направени промени во Трговскиот регистар во Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип имаат штетни последици за содружничкиот однос на оштетениот Владислав Втулкин во друштвото ДОО Имако Штип.

Според "Историјат со промени" издаден од Централен регистар на РМ на 19.09.2013 година, за друштвото Имако Вино ДООЕЛ Штип, впишана е дата на основање на друштвото 07.04.2005 година. Во делот "Сопственици" наведено е:

- "Имако"

Во делот "Овластени лица" стои Верица Љуботенска.

На ден 01.03.2006 година извршена е промена во називот на друштвото во "Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип".

На ден 12.11.2007 година извршен е упис на промена на сопственици, друштвото Имако е избришано како сопственик, а како нов единствен сопственик е наведен Ристе Љуботенски.

На ден 11.06.2009 година извршено е упис на промена на сопственици во Винарска визба "Имако Вино" ДООЕЛ, запишани се "Имако" ДОО Штип и Ристе Љуботенски.

На ден 31.07.2009 година повторно е извршена промена, во делот на сопственици избришан е "Имако" ДОО Штип и како единствен сопственик е запишан Ристе Љуботенски.

8.1 Дали од вака преземените дејствија и направени промени во Трговскиот регистар во Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип има штетни последици за содружничкиот однос на оштетениот Владислав Втулкин во друштвото ДОО Имако Штип,

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

Според Годишната сметка на "Имако" ДОО Штип за 2005 година, остварена е добивка за финансиската година во износ од 691.181,00 денари.

За Имако Вино ДООЕЛ за 2006 година не е доставена Годишна завршна сметка.

Во 2007 година, споре Годишната сметка на Имако Вино ДООЕЛ остварен е Вкупен приход од основна дејност во износ од 122.653.283,00 денар и искажана е добивка од 389.940,00 денари
Во 2008 година вкупен приход во износ од 138.016.535,00 денари и добивка за финансиската година од 1.352.148,00 денари.

Во Имако ДОО во 2006 година остварен е вкупен приход од основната дејност од 144.517.401,00 денари, во 2007 година нема приходи и остварена е загуба во износ од 69.046,00 денари.
Во Билансите на состојба за 2004, 2005, 2006 и 2007 година на Имако ДОО, нема искажано податоци по основ на долгорочни финансиски вложувања односно не е евидентиран уделот на "Имако" ДОО во "Имако Вино" ДООЕЛ.

Од финансиските показатели на друштвата констатација е дека од 2007 година Имако ДОО нема деловна дејност, додека друштвото "Имако Вино" ДООЕЛ од 2007 година остварува приходи од дејноста за која е основано.

За периодот додека "Имако" ДОО е содружник на "Имако Вино", според податоците во Билансот на состојба не се вршени исплати од добивката како приходи на основачите и по овој основ нема штетни последици Владислав Втулкин.

Од 2007 година во "Имако" ДОО, каде Владислав Втулкин е содружник не е вршена деловна дејност, не се остварени приходи односно искажана е загуба во работењето.
Исто така од пристапувањето на Владислав Втулкин во "Имако" ДОО не се вршени исплати по основ на дивиденди од остварена добивка на содружниците.

На вештачењето според Аналитичка картица на Конто Имако ДООЕЛ Штип со датум на печатење 19.05.2015 година со состојба на 31.12.2006 година со Налог за книжење бр.1/15 евидентирано е намалување на вредноста на постојаните средства со повикување на фактура од 31.12.2006 година и тоа на Конто 010 Земјиште износ од 779.237,00 денари, Конто 202 Градежни објекти со сметководствена вредност од 6.618.285,00 денарии Конто 021 Опрема со сметководствена вредност од 63.906.958,00 денари или вклупно 65.304.480,00 денари. На вештачењето не е доставена фактура од која може да се констатира на кого е фактуриран наведениот имот. По извршеното книжење во сметководството на Имако ДОО вредноста на материјалните средства (основни средства) изнесува 0 денари.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

Врз основа на утврдена фактичка состојба го даваме следното:

# III. МИСЛЕЊЕ

1.По однос на прашањето за пристапувањето на странскиот содружник-оштетениот Владислав Втулкин во друштвото ДООЕЛ Имако Штип, го даваме следното мислење:

На ден 13.11.2004 година во Штип склучен е "Договор за деловно техничка и финансиска соработка" помеѓу Владислав Втулкин од Москва (прва договорна страна) и Ристе Љуботенски од Штип (втора договорна страна). Предмет на договорот е деловно техничка и финансиска соработка во производство и промет со грозје и вино.

Во член 1 од договорот е наведено:

"Втората договорна страна располага со капитал во кој се сметаат обртните парични средства, визба во м.в. 6-ти километар како и земјиште на кое е изградена и лозја на кои се врши одгледување на винова лоза сопственост на ДООЕЛ "Имако" и ДООЕЛ "Имако Вино" и истата се согласува првата договорна страна да пристапи како содружник со 50% од вредноста на капиталот во кој се сметаат обртните парични средства, визба во м.в. 6-ти километар како и земјиште на кое е изградена и лозја на кои се врши одгледување на винова лоза."

Во член 2 од договорот е наведено:

"Првата договорна страна се согласува да пристапи како содружник со 50% од вредноста на капиталот во кој се сметаат обртните парични средства, визба во м.в. 6-ти километар како и земјиште на кое е изградена и лозја на кои се врши одгледување на винова лоза и во исто време се обврзува да ги превземе сите обврски како содружник кои му припаѓаат по ЗТР."

Договорот е заверен од страна на Нотар Ленче Каранфиловска Штип под УЗП број 5958/04 од 13.11.2004 година.

Во Договорот не е предвидена висината на паричните средства како цена за 50% од вредноста на капиталот кој Владислав Втулкин треба да ги исплати на втората договорна страна.

На ден 18.11.2004 година донесена е "Одлука за пристапување на содружник", заверена со архивски број 49-04, врз основа на која кон друштвото Имако ДООЕЛ Штип пристапува содружникот Владислав Втулкин од Москва. Според член 2 од Одлуката, со пристапувањето кон друштвото содружникот внесува влог од 153.250,00 денари или

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

2.500 Евра со што се стекнува со право на сопственост на 49% од основната главнина на друштвото, влогот се состои од пари.

На ден 18.11.2004 година донесена е "Одлука за усогласување со одредбите од ЗТД", потпишана од содружниците Ристе Љуботенски и Владислав Втулкин, според која поради пристапување на содружник кон друштвото Имако ДООЕЛ извршена е преорганизација на друштвото во друштво со ограничена одговорност односно "Имако" ДОО.

На ден 18.11.2004 година склучен е "Договор за основање на ДОО". Според член 3 од договорот, Содружници на "Имако" ДОО Штип се Ристе Љуботенски и Владислав Втулкин.

Во член 8 од договорот е наведено дека основната главница на друштвото изнесува 5.100 Евра односно 312.400,00 денари. Содружниците учествуваат со сооднос 51% : 49% на нивниот основачки влог во вкупната основна главнина на друштвото, односно:

-Содружникот Ристе Љуботенски во друштвото учествува со 51% во вкупниот основачки влог, односно износ од 2.600 Евра или денарска противвредност од 159.380,00 денари

-Содружникот Владислав Втулкин во друштвото учествува со 49% во вкупниот основачки влог, односно износ од 2.500 Евра или денарска противвредност од 153.250,00 денари.

На ден 02.12.2004 година лицето Владислав Втулкин уплатил износ од 2.490 Евра, од кои 2.475 Евра Стопанска банка префрла на сметка на Имако ДООЕЛ Штип, разликата е по основ на банкарска провизија. Во опис на трансакцијата е наведено "Зголемување на оснивачки влог по Одлука од 18.11.2004".

По однос на прашањето дали пред неговото пристапување е направена проценка на вредноста на капиталот на друштвото ДООЕЛ Имако Штип, Проценка на пазарната вредноста на капиталот на друштвото ДООЕЛ Имако Штип не е направена пред пристапувањето на Владислав Втулкин.

**1.1.**да се утврди колкава била вредноста на капиталот на друштвото во моментот на влегување на странскиот содружник Владислав Втулкин и следствено на тоа колкаво учество - со парични средства или капитал требало да биде внесено од странскиот содружник при неговото пристапување во друштвото Имако ДОО Штип,

Според Билансот на состојба за 2003 година како година која претходи на Одлуката на пристапување на содружникот Втулкин, книговодствената вредност на капиталот на друштвото на Имако ДОО Штип, со ЕМБС 4805178 , изнесува:
Вкупна актива 83.632.799,00

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

Долгорочни и краткорочни обврски 81.271.504,00
Сметководствена вредност на капитал и резерви 2.361.295,00 денари.

Во Договорот за основање на друштвото Имако ДОО Штип предвидено е износот на основачкиот влог на содружниците во вкупен износ од 5.100 Евра (2.600 Р.Љуботенски, 2.500 В.Втулкин), додека други финансиски обврски во смисла на тоа колку капитал или додатни средства треба да бидат внесени од содружниците, не се предвидени.

Според "Договор за деловно техничка и финансиска соработка" помеѓу Владислав Втулкин од Москва (прва договорна страна) и Ристе Љуботенски од Штип (втора договорна страна) од 13.11.2004 година, каде предмет на договорот е деловно техничка и финансиска соработка во производство и промет со грозје и вино, Владислав Втулкин требало да уплати 50% од вредноста на капиталот на друштвото кој капитал во моментот на склучување на договорот бил во сопственост на Ристе Љуботенски како единствен содружник. По овој основ лицето Владислав Втулкин според доказите кои се доставени на вештачење нема извршено уплата. Исто така во овој Договор не е предвидена висината на средствата кои требало да се уплатат.

1.2.на кој начин било договорено учеството во капиталот во процесот на пристапување на содружникот Владислав Втулкин (дали со инвестирање во опрема, средства или со зголемување на основната главнина) и дали од негова страна е испочитувана обврската за вложување-инвестирање во опрема, средства и капитал, во кој обем и на кој начин е направено ова.

Лицето Владислав Втулкин уплатил износ од 2.475 Евра на сметка на Имако ДООЕЛ Штип. Во опис на трансакцијата е наведено "Зголемување на оснивачки влог по Одлука од 18.11.2004". Други начини на учество во капиталот на "Имако ДОО" не се наведени во Договорот за основање на ова друштво.

2.Да се изврши увид во книговодствено-финансовото работење на ДООЕЛ подоцна ДОО Имако Штип и на Винарската визба Имако Вино ДООЕЛ Штип, во врска со деловната соработка на друштвото со фирмата ПИМ Хасково од Бугарија во периодот од 2003 до 2008 година , при што да се утврди на кој начин е вршено плаќањето на опремата, колкав износ на парични средства имаат плаќано овие две друштва на оваа фирма и по кои фактури за набавка на опрема за потребите на друштвата, дали оваа опрема е испорачана, кога и во кое друштво, врз основа на кое задолжување-фактура.

Во однос на фирмата ПИМ Хасково, според податоците од доставената сметководствена документација и евиденција на Имако Штип, во Наодот е

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

констатирано, дека Имако Штип има извршено плаќање кон ПИМ Бугарија во 2004 година, износ од 46.566.707,50 денари и во 2005 година износ од 14.587.490,00 денари или вкупно платени средства во износ од 61.154.197,00 денари (46.566.707,50 + 14.587.490,00).

Во однос на набавката на опрема од ПИМ Бугарија, евидентирани се во аналитички картици, фактури во вкупен износ од:

- во Имако Штип= 69.648.930,00денари
- во Имако Вино ДООЕЛ Штип= 18.714.603,50 денари

ВКУПНО евидентирани фактури =88.363.533,00 денари

Во однос на прашањето во кое друштво е испорачана опремата, вештите лица не можат да се произнесат бидејќи на сите фактури стои купувач Имако Штип.

**3.**Од оштетениот Владислав Михаилович Втулкин преку неговиот полномошник адв.Ненад Јаникевиќ од Скопје да се обезбеди писмена документација во оригинал со која се докажува извршеното плаќање на опремата од негова страна, при што да се утврди дали и на кој начин е извршено плаќањето, од која сметка, со каква трансакција и врз основа на кое задолжение-фактура е извршено плаќање на опремата за сметка на друштвата ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип набавена од фирмата ПИМ Хасково од Бугарија за периодот од 2003 до 2008 година и за истото да ни биде доставен писмен документ за извршеното плаќање од фирмата или лицето кое го извршило плаќањето (извод од состојба сметка на оштетениот или од друштвото ПИМ од Хасково Бугарија од деновите кога се извршени исплатите за опремата).

Во однос на плаќањето на опремата на ПИМ Бугарија од страна на оштетениот Владислав Втулкин, на вештачењето беа побарани банкарски изводи за извршени плаќања. Таква документација не беше доставена на увид.

**4.** Да се утврдат факти и околности по однос на начинот на набавка на опрема од страна на **друштвата сопственост на пријавените Ристе и Верица Љуботенски** за наведениот период од 2003 до 2008 година, дали сите набавки на опрема се вршени и за истите е плаќано од сметките на друштвата ДОО Имако и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип, со посебен осврт на доставеното известување-**Соопштение од ПИМ Бугарија од 11.04.2008 година** изготвено од таа фирма и да се даде појаснување врз основа на каква финансиско сметководствена документација е направено истото.

Во однос на начинот за набавка на опрема доставени се фактури и увозни царински декларации.
Во однос на извршените плаќања за набавка на опрема, според книговодствената евиденција на **Имако Штип,** извршени се следните плаќања кон:

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

- ПИМ Бугарија во вкупен износ од 61.154.197,00 денари,
- Дела Тофола Италија во вкупен износ од 16.573.976,00 денари

Плаќања за набавка на опрема од **Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ** кон ПИМ Бугарија нема евидентирано во Аналитичкото конто за овој добарувач. Нема евидентирано плаќања и за добавувач Дела Тофола Италија.

Во Соопштението од ПИМ Бугарија од 11.04.2008 година изготвено од таа фирма а доставено до Владислав Втулкин е наведено дека ПИМ Бугарија извршила извоз за Имако Штип во периодот 2003-2008 година во вкупна вредност од 1.442.311 Евра. Плаќањето на опремата дека е целосно извршено и тоа 785.970 Евра дека се платени од Имако Штип, а остатокот од 683.341 Евра се платени од Владислав Втулкин.

Документација за извршени плаќања од страна на лицето Владислав Втулкин не е доставена на увид, додека според книговодствената евиденција на Имако Штип, вкупниот износ на евидентирани плаќања кон ПИМ Бугарија изнесува 61.154.197,00 денари или околу 999.000 Евра.

На вештачењето од страна на Ристе Љуботенски беше доставен Допис од ПИМ Бугарија испратен до "Имако Вино "Штип, во кој се наведува дека во врска со договорите за доставување на опрема за производство на вино со "Имако Вино" Штип за период 2003-2008 година, ПИМ Бугарија нема добиено девизни преноси од страна на Владислав Втулкин во својство на индивидуално приватно лице.

Доставените Дописи од ПИМ Хасково Бугарија не претставуваат финансиски докази за плаќање.

**5.Да се испита релацијата, поврзаноста и деловните односи помеѓу фирмата ДЕЛЛА ТОФОЛА од Тревизо Италија со Владислав Втулкин и ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и за што се однесуваат банкарските трансакции наведени во потврдата издадена од ДЕЛЛА ТОФОЛА од 19.11.2007 година која е доставена до ОЈО Штип од страна на пријавителот-оштетениот Владислав Втулкин со кривичната пријава.**

Во Потврдата која е издадена од ДЕЛЛА ТОФОЛА на 19.11.2007 година за Владислав Втулкин е наведено дека со тој документ Дела Тофола потврдува банкарски трансфери извршени од страна на Владислав Втулкин во вкупен износ од 797.153 Евра. Банкарски изводи за овие трансфери не се доставени на увид, како би можело да се утврди дали навистина овие средства се исплатени кон Дела Тофола.

На вештачењето од страна на Ристе Љуботенски доставен е Допис од Дела Тофола Италија со датум 20.01.2015 година и со наслов "До сите заинтересирани страни", во кој е наведено дека според сметководството на Дела Тофола на ден 20.01.2015 година нема

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

побарувања од купувачите Винарија Имако Вино ДООЕЛ и Имако ДОО и дека во нивна корист никогаш нема примено трансфер или пари од индивидуални лица.

**6.**Да се испита евентуална поврзаност на остварени односи помеѓу друштвата ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ со друштвата од странство сопственост на оштетениот Владислав Втулкин во контекст на извршени плаќања од фирми во странство-Русија, Германија и Бугарија сопственост на оштетениот и плаќања извршени од фирмите ДОО Имако и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип во корист на фирми сопственост на оштетениот со посебен преглед на извршени плаќања по основ, задолжување и начин на плаќање.

Во однос на остварени односи помеѓу друштвата ДОО Имако Штип и Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ со друштвата од странство сопственост на оштетениот Владислав Втулкин, во Наодот погоре, дадени се по години износот на средства платени од страна на друштвата Моро-Русија, БМБ Хандел Германија и Сојуз Вино Русија (друштва сопственост на оштетениот Владислав Втулкин) кон друштвата Имако ДООЕЛ и Имако Вино ДООЕЛ. Исто така во Наодот даден е и износот на евидентирана фактурирана стока (вино) кон друштвата во сопственост на Владислав Втулкин.

Од **Имако ДООЕЛ** кон купувач **Моро** Русија за продажба на вино, во 2005 година издадени се фактури во вкупен износ од 9.405.607,00 денари и евидентирани се уплати во износ од 235.469,00 денари.

За деловната 2006 година, во **Имако ДООЕЛ Штип** на конто 120-Побарување од купувачи за клиент Моро Русија, евидентирани се уплати во износ од 2.466.214,00 денари.

Во **Имако Вино ДООЕЛ**, на конто 120 – Побарувања од купувачи за коминтент **Моро Русија,** во деловната 2006 година евидентирани се фактури во износ од 6.000.477,00 денари и извршени уплати од страна на коминтентот од 172.252,00 денари.

Во **Имако Вино ДООЕЛ**, на конто 120– Побарувања од купувачи за коминтент **Моро Русија,** во деловната 2007 година евидентирани се фактури во износ од 6.102.977,00 денари и извршени уплати од страна на коминтентот од 2.898.422,00денари.

Во **Имако Штип**, на конто 120 за коминтент **БМБ Хандел Германија,** во деловната 2005 година евидентирани фактури за испорачана стока нема, евидентирани се уплати од страна на коминтентот во износ од 8.508.235 денари. Во 2006 година во Аналитичката картица 120 на Имако Штип, евидентирано е само пренесено салдо од 2005 година во износ од 8.508.235 денари.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

Во **Имако Вино ДООЕЛ Штип**, на конто 120 за комитент **БМБ Хандел Германија,** во деловната 2006 година евидентирани фактури за испорачана стока во износ од 4.479.246,00 денари, а евидентирани уплати од страна на комитентот нема.

Во **Имако Вино ДООЕЛ Штип**, на конто 120 за комитент **БМБ Хандел Германија,** во деловната 2007 година евидентирани се фактури за испорачана стока во износ од 1.304.063,00 денари, а евидентирани уплати од страна на комитентот во износ од 3.045.485,00 денари. Во Аналитичката картица за 2008 година извршен е пренос на салдото за ненаплатено побарување во износ од 2.737.824,00 денари.

Во **Имако Вино ДООЕЛ Штип**, на конто 120 за комитент **Сојуз Вино Русија,** во деловната 2006 година евидентирани се фактури за испорачана стока во износ од 63.615.404,00 денари, а евидентирани уплати од страна на комитентот во износ од 10.106.093,00 денари.

Во **Имако Вино ДООЕЛ Штип**, на конто 120 за комитент **Сојуз Вино Русија,** во деловната 2007 година евидентирани се фактури за испорачана стока во износ од 64.696.829,00 денари, а евидентирани уплати од страна на комитентот во износ од 21.411.005,00 денари. Во Аналитичката картица за 2008 година пренесено е салдо за ненаплатени побарувања од Сојуз Вино Русија во износ од 96.795.191,00 денари.

7.Да се утврди дали направените промени и извршените уписи во Трговскиот регистар при Централниот регистар на РМ на ДОО Имако Штип во врска со пристапувањето на странскиот содружник Владислав Втулкин во 2005 година, особено во делот на основачките влогови се направени согласно доставени правно валидни основачки акти потребни за соодветната промена која се врши, да се утврди дали постои обврска за зголемување на основната главнина на друштвото ДОО Имако Штип во случај на консекветни вложувања во друштвото од значителен обем како што е во конкретниот случај и дали основната главнина на ова друштво е зголемувана соодветно на капиталот што го поседува, на кој начин странскиот содружник Владислав Втулкин ги има остварувано правата од содружничкиот однос во периодот од влегувањето во друштвото Имако ДОО во 2005 година до поднесување на кривичната пријава во 2013 година, дали има учествувано во распределба на добивката и кои се всушност неговите придобивки од содружништвото со пријавениот Ристе Љуботенски во неговите друштва.

Според “Историјат со промени“ издаден од Централен регистар на РМ на 23.03.2015 година, во друштвото Имако ДОО Штип на ден 07.09.2005 година впишана е промена во делот “Сопственици“ каде се наведени:

-Ристе Љуботенски со непаричен влог од 159.380,00 денари и

-Владислав Втулкин Михаилович со непаричен влог од 153.250,00 денари.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

Според Извештај за наплата од странство од Стопанска банка лицето Владислав Втулкин уплатил износ од 2.475 Евра на сметка на Имако ДООЕЛ Штип со опис на трансакција “Зголемување на оснивачки влог по Одлука од 18.11.2004“.

Според Одлука за пристапување на содружник во член 2 е предвидено дека со пристапување содружникот внесува влог во висина од 153.250,00 денари или 2.500 Евра, со што се стекнува со право на сопственост на 49% од основната главнина на друштвото која се состои во пари, додека уплатениот износ изнесува 2.475 Евра.
Во списите на предметот доставени се Одлуки и Изјави за основање на друштвото “Имако” ДОО Штип, но дали овие документи се правно валидни основачки акти за извршената промена, сметаме дека се работи за правни прашања во надлежност на ОЈО.

**7.1.**да се утврди дали постои обврска за зголемување на основната главнина на друштвото ДОО Имако Штип во случај на консекветни вложувања во друштвото од значителен обем како што е во конкретниот случај и дали основната главнина на ова друштво е зголемувана соодветно на капиталот што го поседува,

Освен уплатениот износ од 2.475 Евра на сметка на Имако ДООЕЛ Штип од страна на лицето Владислав Втулкин со опис на трансакција “Зголемување на оснивачки влог по Одлука од 18.11.2004“, докази за други вложувања во Имако ДОО не се доставени. Консеквентни вложувања во друштвото од значителен обем според доставената документација не се евидентирани па поради тоа не постои обврска за зголемување на основната главнина на Имако ДОО Штип.

**7.2** на кој начин странскиот содружник Владислав Втулкин ги има остварувано правата од содружничкиот однос во периодот од влегувањето во друштвото Имако ДОО во 2005 година до поднесување на кривичната пријава во 2013 година, дали има учествувано во распределба на добивката и кои се всушност неговите придобивки од содружништвото со пријавениот Ристе Љуботенски во неговите друштва.

Документација во однос на остварени права и придобивки од содружништво за лицето Владислав Втулкин, односно Записници од собир на содружници и Одлуки за усвојување извештаи за работа на друштвото Имако ДОО, на финансиски извештаи како и распределба на добивка не се доставени на увид.

**8.**Да се утврди дали актите кои се однесуваат на соодветните промени на назив на Винарската визба Имако Вино ДООЕЛ Штип во текот на 2007 година и на промена на содружник кога уделот на единствениот содружник-правното лице ДОО Имако Штип (каде содружници се пријавениот Ристе Љуботенски на 51% и оштетениот Владислав Втулкин на 49% од основната главнина ) е пренесен на Ристе Љуботенски како

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

единствен содружник во Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип, се правно валидни, во смисла на нивна сообразност со законските прописи и Законот за трговски друштва и дали од вака преземените дејствија и направени промени во Трговскиот регистар во Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип имаат штетни последици за содружничкиот однос на оштетениот Владислав Втулкин во друштвото ДОО Имако Штип.

Според "Историјат со промени" издаден од Централен регистар на РМ на 19.09.2013 година, за друштвото Имако Вино ДООЕЛ Штип, впишана е дата на основање на друштвото 07.04.2005 година. Во делот "Сопственици" наведено е:

- "Имако"

Во делот "Овластени лица" стои Верица Љуботенска.

На ден 01.03.2006 година извршена е промена во називот на друштвото во "Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип".

На ден 12.11.2007 година извршен е упис на промена на сопственици, друштвото Имако е избришано како сопственик, а како нов единствен сопственик е наведен Ристе Љуботенски.

На ден 11.06.2009 година извршено е упис на промена на сопственици во Винарска визба "Имако Вино" ДООЕЛ, запишани се "Имако" ДОО Штип и Ристе Љуботенски.

На ден 31.07.2009 година повторно е извршена промена, во делот на сопственици избришан е "Имако" ДОО Штип и како единствен сопственик е запишан Ристе Љуботенски.

Прашањето во врска со тоа дали постапката за претходно наведените промени во Централен регистар на РМ и дали е во согласност со Законот за трговски друштва како и дали промените се извршени врз основа на правно валидни акти, сметаме дека се правни прашања во надлежност на ОЈО.

**8.1** Дали од вака преземените дејствија и направени промени во Трговскиот регистар во Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип има штетни последици за содружничкиот однос на оштетениот Владислав Втулкин во друштвото ДОО Имако Штип,

Во Билансите на состојба за 2004, 2005, 2006 и 2007 година на Имако ДОО, нема искажано податоци по основ на долгорочни финансиски вложувања односно не е евидентиран уделот на "Имако" ДОО во "Имако Вино" ДООЕЛ.

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

Од финансиските показатели на друштвата констатација е дека од 2007 година Имако ДОО нема деловна дејност, додека друштвото "Имако Вино" ДООЕЛ од 2007 година остварува приходи од дејноста за која е основано.

За периодот додека "Имако" ДОО е содружник на "Имако Вино", според податоците во Билансот на состојба не се вршени исплати од добивката како приходи на основачите и по овој основ нема штетни последици Владислав Втулкин.

Од 2007 година во "Имако" ДОО, каде Владислав Втулкин е содружник не е вршена деловна дејност, не се остварени приходи односно искажана е загуба во работењето.
Исто така од пристапувањето на Владислав Втулкин во "Имако" ДОО не се вршени исплати по основ на дивиденди од остварена добивка на содружниците.

Изработиле - Вешти лица:

Кире Костов, дипл.екк
Бр.на лиценца 07-4397/2

Марина Кралева Клампфер,дипл.екк
Бр.на лиценца 07-913/2

Лилјана Костадинова, дипл.екк
Бр.на лиценца 07-909/2

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.